**ЗАПИСНИК**
**од 22-та седница на Советот**
**одржана на 11.11.2009 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, Илир Ајдини, акад. Бојан Шоптрајанов, акад. Али Алиу, проф. д-р Томе Груевски, Панче Наумов, Фарук Омерагиќ, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** /

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Магдалена Давидовска – Довлева, Борче Маневски и Хари Митрикески – Клекачкоски.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи под точката "Разно" да се додаде точката "Известување од Министерството за надворешни работи на РМ за номинирање на член од Советот за радиодифузија на РМ за Меѓуресорската координативна група за претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа".

Предлогот беше прифатен од страна на членовите на Советот, при што за седницата беше утврден следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Потврда за регистрација на пакетот програмски сервиси - пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (DVB-T) на територијата на Република Македонија ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА (П О Т В Р Д А бр.2).
2. Приговор на Сашо Богдановски против Одлуката бр.02/3548/1 од 27.10.2009 година.
3. Разно.

- Известување од Министерството за надворешни работи на РМ за номинирање на член од Советот за радиодифузија на РМ за Меѓуресорската координативна група за претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа

**Точка 1**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси – пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (DVB-T) на територијата на Република Македонија на Друштвото за телекомуникациски и услуги ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси – пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (DVB-T) на територијата на Република Македонија на Друштвото за телекомуникациски и услуги ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје. На Друштвото за телекомуникациски и услуги ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје да му се издаде Потврда бр.2 за регистрација на пакетот програмски сервиси – пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (DVB-T) на територијата на Република Македонија. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги запише барањата и потврдите во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 2**

Во врска со Приговорот на Сашо Богдановски против Одлуката бр. 02-3548/1 од 27.10.2009 година, Советот за радиодифузија на РМ го разгледа Мислењето на Секторот за правни работи по Приговорот на Сашо Богдановски против Одлуката бр. 02-3548/1 од 27.10.2009 година, во кое беше предложен заклучок Советот изрично да не се изјаснува по Приговорот на Сашо Богдановски, односно да не ја отстранува наводната повреда поради која овој е поднесен, во каков случај, согласно член 181 став 3 од Законот за работни односи, тој, автоматски, по сила на закон, се смета за одбиен како неоснован. Советот го прифати Предлог-заклучокот на Секторот за правни работи. Советот заклучи дека Сашо Богдановски, од 11.11.2009 година се смета за распореден на работното место Виш соработник во Секторот за програмски работи. При гласањето, воздржани беа членовите на Советот за радиодифузија на РМ Столе Наумов и Бранко Радовановиќ, додека другите членови на Советот гласаа "за" Предлог-заклучокот на Секторот за правни работи.

**Точка 3**

Разно.

- Во врска со Известувањето од Министерството за надворешни работи на РМ за номинирање на член од Советот за радиодифузија на РМ за Меѓуресорската координативна група за претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа РМ, Советот за радиодифузија на РМ донесе одлука да го номинира акад. Бојан Шоптрајанов за член од Советот за радиодифузија на РМ за Меѓуресорската координативна група за претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа. Советот го задолжи Борче Маневски да испрати Известување до Владата на РМ и до Министерството за надворешни работи на РМ за номинирањето на акад. Бојан Шоптрајанов за член од Советот за радиодифузија на РМ за Меѓуресорската координативна група за претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа.

Бр. 02-4023/7
02.12.2009 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ